ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 26 – 56/6**

**Дата: 27.02.2012**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст- Агенција) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење без резерва во однос на примената на сметководствените политики и искажувањето на билансните позиции како и во однос на законското и наменското трошење на средствата.

Исто така, извршена е финансиска ревизија на компонентата на финасиските извештаи Плаќање на надоместоци од Агенцијата и ревизија на усогласеност во делот на остварување на правата од осигурување во случај на невработеност и на реализација на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2009 година, при што изразено е мислење без резерва за реално и објективно искажаната компонента на финансиските извештаи и за усогласеноста со законски прописи кај наведената компонента.

Препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година во најголем дел се спроведени. Обезбедена е примена на Упатството за начинот и постапката за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност, преземени се мерки и извршена е измена на софтверот за печатење на решенија за остварување на правото на паричен надоместок, но сеуште не е донесен нов акт за пресметка и исплата на плата согласно законската регулатива.

За финансиските извештаи за 2010 година изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи, додека во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразено е мислење без резерва.

Агенцијата нема евидентирано побарување по основ на придонесот за вработување за периодот до 31.12.2008 година кога пресметувањето и наплатата на придонесот беше во нејзина надлежност. Имено, со член 32 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, Агенцијата има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси, како и започнатите постапки до јануари 2009 година.

Исто така, на ревизијата не и беа презентирани записници од извршени контроли од страна на стручната служба на Агенцијата за наплата на придонесот по центрите за вработување. Ненавремената наплата на придонесот за вработување, може да има неповолно влијание врз извршувањето на основната задача на Агенцијата - финансирање на исплатата на остварените права на осигурениците по основ на невработеност.

Агенцијата нема воспоставена целосна база на податоци за корисниците на средствата од Посебниот фонд наменет за вработување и работење на инвалидните лица. Не е воспоставена база на податоци за бројот на извршени контроли од центрите за наменското користење на средствата, односно исполнување на обврските предвидени во договорите склучени со корисниците, што може да доведе до ненаменско користење на средствата од Посебниот фонд и неостварување на мерките за унапредување на вработувањето на инвалидните лица.

Агенцијата не располага со целосна информација за бројот на градежни објекти, при што за одреден број објекти не е обезбеден имотен лист, а за други не се расчистени имотно правни односи и не е извршено излагање на објектите и упис во катастар за недвижности. Наведеното предизвикува нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојбата.

Пописот на средствата и побарувањата е нецелосно спроведен заради фактот што опремата по Центрите не е идентификувана со инвентарни броеви, пописните листи за материјалните средства се нецелосни и не е извршено усогласување на состојбата на средствата искажани во сметководството со фактичката состојба. Комисијата за попис не извршила попис на побарувањата, не ја утврдила реалноста на искажаните износи, не потврдила дали и какви мерки се преземени

од одговорното лице за нивна наплата и не предложила мерки за нивна наплата односно отпис.

Агенцијата пресметува и исплатува плати врз основа на акти кои се неважечки, со примена на критериуми и мерила за пресметка на плата донесени во 1986 и 1987 година. При пресметката и исплатата на платите, констатирано е дека за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплатен е различен износ на плата на вработените во различни центри за вработување, што предизвикува нерамноправност помеѓу вработените и нееднаков пристап во вреднување на извршените работни задачи.

Од страна на одговорното лице на Агенцијата добиени се забелешки на точките 4.1.4, 4.2.2, 4.3.1, 4.3.2. на Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат дополнителни објаснувања за констатираните состојби и планирани актуивности во наредниот период и забелешка на точката 4.3.6. која не е прифатена.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 16 до 18, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Агенцијата кои се состојат од Биланс на приходи и расходи, Биланс на состојба и Преглед на промените на изворите на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење без резерва во однос на примената на сметководствените политики и искажувањето на билансните позиции како и во однос на законското и наменското трошење на средствата. Исто така, извршена е финансиска ревизија на компонентата на финасиските извештаи Плаќање на надоместоци од Агенцијата и ревизија на усогласеност во делот на остварување на правата од осигурување во случај на невработеност и на реализација на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2009 година, при што изразено е мислење без резерва за реално и објективно искажаната компонента на финансиските извештаи и за усогласеноста со законски прописи кај наведената компонента.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Влатко Попоски, Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 9.11.2010 и
- Билјана Јовановска, Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија до 9.11.2010 години

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на сметката на Агенцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и

обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 02/10/2011 до 30/12/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре го опфати спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е констатирано следното:

- Обезбедена е примена на Упатството за начинот и постапката за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност,
- Преземени се мерки и извршена е измена на софтверот за печатење на решенија за остварување на правото на паричен надоместок,
- Не е донесен нов акт за пресметка и исплата на плата согласно законската регулатива.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата – предмет на ревизија, на ден 27.12.2011 година.
Од страна на одговорното лице на Агенцијата добиени се забелешки на точките 4.1.4, 4.2.2, 4.3.1, 4.3.2. на Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат дополнителни објаснувања за констатираните состојби и планирани актуивности во наредниот период и забелешка на точката 4.3.6. која не е прифатена.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Агенцијата нема изготвено пишани процедури за: движењето на финансиската документација, ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги, пресметка и наплата за извршени услуги, пресметка и исплата на плати, спроведување на јавните набавки и начинот на користење на средствата за репрезентација. Наведеното е неопходно заради воспоставување на финансиско управување и контрола и заради заштита на средствата кои се користат од страна на Агенцијата.
Констатираната состојба не е во согласност со член 4 и 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

4.1.2. Во Централната служба и во одделни Центри за вработување нема назначено лица за проверка на финансиските промени, заради контрола дали трансакциите се извршени согласно законските прописи и дали постои соодветна документација пред да се изврши плаќање, што не е во согласност со член 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 20 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Наведеното создава ризик од ненаменско користење на буџетските средства;

4.1.3. Во Агенцијата не е назначено лице за контрола дали износите во фактурите се идентични со склучените договори и соодветните понуди од спроведените јавни набавки. Невоспоставените процедури во процесите на функционирање на Агенцијата, отсуството на контрола во одделни процеси создава ризик од несоодветно користење на буџетските средства и спротивно на одредбите од член 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Во однос на точките 4.1.1, 4.1.2. и 4.1.3. Агенцијата во март 2010 година има донесено План за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола, но до денот на ревизијата активностите предвидени со истиот не се целосно извршени.

4.1.4. Со анализата на информациониот систем на Агенцијата констатирана е следната состојба:

- Агенцијата нема резервна надворешна копија на податоците кои произлегуваат од работењето,
- Апликациите за финансиското работење за минатите години не се заклучени и постои можност од нивна промена.

Констатираната состојба не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност што доведува до ризик од губење на податоци во случај на хаварија и непочитување на законскиот рок за чување на податоците од финансиските извештаи, пропишан со одредбите од член 10 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Воспоставената пракса

доведува до ризик од можно искажување на неверодостојни податоци во електронска форма или губење на претходно евидентирани податоци во електронска форма.

**Препорака:**

- Одговорното лице да преземе мерки за зголемување на безбедноста на чување и достапност до податоците во случај на хаварија, како и ажурирање на процедурите за изготвување на надворешна копија на сите податоци кои се неопходни,
- Одговорното лице да преземе мерки за воспоставување на процедура со која нема да се дозволи промена на сметководствените податоци кои се однесува на претходните години.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Агенцијата за 2010 година за вкупно 498 вработени лица има исплатено плати и надоместоци во вкупен износ од 161.820 илјади денари.
Платите се исплатени согласно Правилникот за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања и надоместоци на работниците, одделно за Централата и поединечните центри, донесени во јуни, јули или септември 1986 или 1987 година. Правилниците не се усогласени со Законот за работните односи, Законот за исплата на платите, Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ, Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата.
Поради неусогласеност со законската регулатива, Агенцијата пресметува и исплатува плати врз основа на акти кои се неважечки, со примена на критериуми и мерила за пресметка на плата од горенаведените правилници. При пресметката и исплатата на платите, констатирано е дека за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплатен е различен износ на плата на вработените во различни центри за вработување, што предизвикува нееднаквост помеѓу вработените.
Наведената неправилност е констатирана и со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, при што е дадена препорака која се уште не е спроведена и од тие причини ревизијата не дава препорака.
Ревизијата е известена дека е формирана работна група која работи на изготвување на нов акт за пресметување и исплата на платите.

4.2.2. Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица, додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правилникот за критериумите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица. Согласно Законот, средствата за оваа намена се издвојуваат на посебна потсметка, и тоа 10% од вкупно остварените средства од придонесот за вработување. За 2010 година по овој основ се издвоени 166.377 илјади денари, средства предвидени и со финансискиот план.

Во 2010 година поднесени се 368 барања, од кои решени се 327 (88,86%) а од нив 264 (80,7%) ги исполниле условите, додека 63 (19,3%) се одбиени поради неисполнување на условите. Барањата претежно се од 2009 година (214 или 80%), но има барања поднесени од 2004, 2006 и од 2007 година. Според информациите од службеното лице, причини за ненавременото решавање на барањата во предвидениот рок се: недостиг на средства кој е резултат на измените на Законот, во смисла на менување на издвоениот процент од придонесот за вработување на посебната потсметка , како и зголемување на износот на доделени средства на корисниците, и извршени пренамени на средствата од Посебниот фонд за други цели во минати години.

Агенцијата нема воспоставена целосна база на податоци за корисниците на средствата од Посебниот фонд, како и податоци за бројот на извршени контроли од центрите за наменското користење на средствата, односно исполнување на обврските предвидени во договорите склучени со корисниците. Врз основа на изнесеното, ревизијата не се увери во целосната примена на член 23 од Законот, во кој е предвидено Агенцијата да врши увид во наменското користење на средствата.

До стручната служба на Агенцијата од центрите за вработување се испратени повеќе записници од извршени контроли во Заштитните друштва за наменското користење на средствата, но истите не претставуваат потврда дека се извршени контроли кај сите корисници од соодветните центри.

Нецелосната база на податоци по корисници (година на користење, број и датум на извршени контроли) по центри, може да доведе до ненаменско користење на средствата од Посебниот фонд, а со тоа и неостварување на мерките за унапредување на вработувањето на инвалидните лица.

**Препорака:**

Одговорното лице, во рамките на своите финансиски можности, да презема мерки за изработка на посебна програма за електронско следење на наменското користење на средствата од посебниот фонд по корисници, центри за вработување, број и датум на извршени контроли.

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Сметководствената вредност на градежните објекти (деловни простории и одморалишта) на Агенцијата е проценета во износ од 326.555 илјади денари. Агенцијата го нема утврдено вкупниот број на објекти со кои располага, што влијае на реалноста на искажаната вредност на истите во билансот на состојбата. Имено, со увид во добиената документација за материјалните средства, направените разговори со одговорното лице за извршување на работните задачи од имотно правните односи и остварената посета на неколку Центри за вработување, ревизијата ја констатирано следната состојба:

- Необезбеден имотен лист/поседовен лист (Централа и пет центри за вработување) како доказ за сопственост и како веродостоен документ за сметководствено евидентирање, согласно одредбите од член 12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници,
- Необезбеден упис во катастарот за недвижности кај десет центри за вработување, во услови кога за истите објекти се обезбедени имотни листи/поседовни листи, што не е во согласност со одредбите од член 71 и 111 од Законот за катастар на недвижности,
- Имотни листи за градежни објекти од два центри за вработување кои гласат на Република Македонија, како и имотни листи од два центри кои имаат забелешка дека предметите не се изложени,
- Со увид на документацијата и извршените разговори со одговорните лица во еден од центрите, ревизијата се информира дека за еден објект поради ненавремено превземени правни мерки, Агенцијата води повеќе децениски судски спор со претпријатие од дрвната индустрија;
- Поради неодговорниот однос на одговорното лице во еден од центрите за вработување и не постапување согласно добиената покана од Одделението за премер и катастар во 2006 година испуштена е можноста за запишување на правата на недвижности по службена должност, за што е добиен Заклучок од Одделението за запирање на постапката. Во 2007 и 2008 година поднесена е жалба до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од обласа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижности при Владата на Република Македонија, но постапката се уште не е завршена.

Од страна на надлежните органи на Агенцијата во текот на 2010 година поднесени се 17 барања до општините за утврдување на правниот статус на бесправните предмети.

Ваквата состојба на неевидентирани или евидентирани објектите за кои не постои веродостоен документ, нерасчистените имотно правни односи како и не

извршеното излагање на објектите и упис во катастар за недвижности, предизвикува нереално и необјективно да бидат прикажани материјалните средства во Билансот на состојбата.

**Препорака:**
Одговорното лице да продолжи со активностите во обезбедување на веродостојни документи како основ за евидентирање на градежните објекти со кои располага .

4.3.2. Позицијата природни богатства искажана во износ од 7.993 илјади денари не ја отсликува реалната и објективна состојба, бидејќи истата е проценетата за вредноста на земјиштето кое го поседува еден од центрите за вработување, но за земјиштето со кое располагаат останатите центри не е извршено излагање, вреднување и сметководствено евидентирање, иако за најголем дел од нив се обезбедени имотни/поседовни листи.
Не извршеното вреднување и евидентирање на земјиштето, предизвикува до нереално и необјективно прикажување на позицијата природни богатства во Билансот на состојбата.
Наведеното не е во согласност со одредбите од член 111 од Законот за катастар на недвижности.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да преземат мерки за излагање на останатото земјиште.

4.3.3. Агенцијата во 2010 година нема воспоставено материјална евиденција на залихите на набавениот ситен инвентар, канцелариски и други материјали, иако е набавен нов софтвер за нивно евидентирање. Не се обезбедени просторни услови за нивно складирање, а приемот и издавањето на истите како во Централата така и во центрите се врши без изготвување на документ за прием и за издавање на истите, што не е во согласност со прифатените сметководствени принципи како што е пропишано во член 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Невоспоставената материјална евиденција и неизготвувањето на соодветни документи за прием и издавање на ситниот инвентар, канцеларискиот и друг материјал, создава ризик од нивно неовластено користење и нереално искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба.

**Препорака:**
Одговорното лице да преземе активности за воспоставување на материјална евиденција за залихите на ситниот инвентар, канцелариските и други материјали и изготвување на соодветни документи при прием и при издавање на истите.

4.3.4. Со увид во сметководствената евиденција на побарувањата, материјалните средства, пописниот материјал и остварената посета на неколку Центри за вработување, ревизијата го констатира следното:

- Не е извршен попис на побарувањата кои во сметководството се искажани во износ од 21.908 илјади денари, по основ на: ненаплатени закупнини во износ од 18.340 илјади денари, дадени краткорочни позајмици во износ од 3.005 илјади денари и побарувања од вработени во износ од 563 илјади денари. Имено, комисијата не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата, не потврдила дали и какви мерки се преземени од одговорното лице за нивна наплата и не предложила мерки за нивна наплата односно отпис,
- Опремата по Центрите не е идентификувана со инвентарни броеви (освен во Централата на Агенцијата),
- Пописните листи за материјалните средства не содржат вредносни показатели за набавените количини.
- Не е извршено усогласување на состојбата на средствата искажани во сметководството со фактичката состојба.

Наведеното укажува дека не е постапено согласно одредбите од член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 и 31 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во кои се пропишани обврските за вреднување на билансните позиции и спроведување на пописот.
Неизвршениот или нецелосно извршениот попис влијае на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември, и претставува ризик од ненавремено преземање правни мерки за наплата на побарувањето.

**Препорака:**
Одговорното лице да преземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските и да изврши усогласување со сметководствената состојба.

4.3.5. Ревизијата констатира дека на крајот на 2010 година искажани се побарувања од вработени лица во износ од 563 илјади денари по основ на пречекорување на лимитот за користење на мобилни телефони, аванси за службени патувања,

набавка на материјали и задолжување по основ на верна картичка за набавка на гориво.
До денот на ревизијата наплатени се 60 илјади денари, при што е останат дел од ненаплатените побарувања од 503 илјади денари.
Според укажувањата на одговорните лица, лицата кои биле задолжени по разни основи, биле предупредени дека треба да го подмират долгот, дел од вработените имаат дадено писмени изјави дека наскоро ќе ги вратат средствата. Пописната комисија ја има констатирано состојбата, но нема даден предлог како да се наплати долгот.
Констатираната состојба е спротивно на член 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој водењето на сметководство се заснова на вистинити, сеопфатни, благовремени, ажурни и поединечно искажување на билансните позиции и одредбите од член 3 и член 46 од Законот за буџетите, според кои извршувањето на буџетот се заснова на начелата на одговорност, законитост, економичност, ефикасност, ефективност и наменско користење на средствата.

**Препорака**
Директорот на Агенцијата и раководителот на Центарот за вработување во најкраток рок да преземаат мерки за наплата на побарувањата од вработените.

4.3.6. Со ревизијата е констатирано дека Агенцијата со состојба 31.12.2010 година има искажано ненаплатени побарувања по основ на ненаплатен придонес за вработување во износ од 84,387 илјади денари. Евидентирањето е спроведено во синтетички износ врз основа на добиеното писмо од Управата за јавни приходи од февруари 2011 година. Наведената сума се однесува на побарувања евидентирани по стапување во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, но нема евидентирано побарување по основ на придонесот за вработување за периодот до 31.12.2008 година кога пресметувањето и наплатата на придонесот беше во надлежност на Агенцијата. Имено, со член 32 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, Агенцијата има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси, како и започнатите постапки до јануари 2009 година.
Побарувањата по основ на ненаплатен придонес од вработување, евидентирани во период од 01.01.2009 година и пресметани според одредбите на Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување е регулирано со договор потпишан помеѓу Агенцијата и Управата за јавни приходи. Според Договорот Агенцијата добива информации од Управата за јавни приходи само за наплатениот износ на придонесот, но не и за пресметаната обврска на обврзниците, со што Агенцијата нема целосни информации колку се побарувањата по основ на придонесот, потребно за креирање на активностите во наредниот

период и каква е динамиката на наплатата на придонесот од страна на обврзниците.

Побарувањата за неплатен придонес за вработување заклучно со 31.12.2008 година не се искажани во сметководствена евиденција и во финансискиот извештај. Според укажувањата од одговорните лица, причините за неевидентираните и ненаплатените придонеси до 2008 година се: дел од обврзниците се во ликвидација или стечај, дел претставуваат неактивни обврзници (немаат ниту еден вработен), дел се активни обврзници, но не го плаќаат придонесот и обврзници кои не се усогласени со Законот за трговски друштва од 1998 година и не ги мигрирале сметките во банките со стапувањето во сила на Законот за платен промет од 2002 година, чии сметки се наоѓаа во поранешната Агенција за блокирани сметки, а сега во Управата за јавни приходи.

На ревизијата не и беа презентирани записници од извршени контроли од страна на стручната служба на Агенцијата за наплата на придонесот по центрите за вработување.

Ненавремената наплата на придонесот за вработување, може да предизвика да не се остварат планираните приходи по тој основ, што има влијание врз извршувањето на основната задача на Агенцијата, финансирање на исплатата на остварените права на осигурениците по основ на невработеност.

**Препораки:**

- Стручната служба на Агенцијата да изготви целосна анализа за состојбата на ненаплатените побарувања по основ на придонесот за вработување, настанати пред 2008 година, со утврдување на вредносните показатели за обврзниците на ненаплатениот придонес, причината за не наплатувањето и статусот на обврзниците;
- Во анализата да се предложат конкретни оперативни мерки и датуми за динамиката на активностите за наплата или расчистување на истите. Изготвената анализа да се разгледа од Управниот одбор,
- Континуирано да се следи извршувањето на активностите по усвоените мерки и еднаш месечно писмено да се известува Управниот одбор за реализација на мерките.
- Надлежните служби по центрите за вработување поинтензивно да се ангажираат за евидентирањето и наплатата на придонесот за вработување.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Агенцијата и тоа:

- 30 судски постапки во кои тужител е Агенцијата во вкупен износ од 19,205 илјади денари и тоа по основ парнични постапки, Активни мерки/програми за вработување, за имотно правни односи, тужби од Посебен фонд за ненаменско користење на средства,
- 13 судски постапки во кои тужена страна е Агенцијата во вкупен износ од 2,663 илјади денари и тоа по основ на активни мерки на вработување, работни спорови.

Исто така, Агенцијата пријавила побарувања кај 37 доверители во стечајни постапки за ненаплатен придонес за вработување во вкупен износ од 12,728 илјади денари.

Склучени се 94 спогодби во износ од 9,420 илјади денари за враќање на долгот – средствата исплатени во име на осигурување во случај на невработеност (паричен надоместок), бидејќи правото било остварено врз основа на неточни податоци или лицето кое го стекнало тоа право не известило за промените.

Бројот на заведени судски спорови е 10 во вредност од 649 илјади денари, за исплатени побарувања во име на осигурување во случај на невработеност (паричен надоместок), бидејќи правото било остварено врз основа на неточни податоци или лицето кое го стекнало тоа право не известило за промените.

## АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РМ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,651,383 | 1,846,313 |
| Неданочни приходи | 15,831 | 13,718 |
| Трансфери и донации | 1,282,148 | 2,648,834 |
| **Вкупно приходи** | **2,949,362** | **4,508,865** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 161,820 | 165,775 |
| Стоки и услуги | 78,287 | 87,970 |
| Субвенции и трансфери | 1,033 | 6,636 |
| Социјални бенефиции | 2,528,536 | 4,083,834 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2,769,676** | **4,344,215** |
| **Капитални расходи** | **4,992** | **49,210** |
| **Вкупно расходи** | **2,774,668** | **4,393,425** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **174,694** | **115,440** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 174,503 | 115,337 |
| Побарувања | 97,502 | 12,760 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 3,005 | 3,005 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 5,787 | 6,499 |
| Активни временски разграничувања | 186,493 | 206,526 |
| Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар | 0 | 221 |
| **Вкупно тековни средства** | **467,290** | **344,348** |
| **Постојани средства** | | |
| Капитални (материјални) средства | 230,380 | 183,640 |
| Природни богатства | 7,933 | 7,933 |
| Материјални средства во подготовка | 238 | 38,454 |
| **Вкупно капитални средства** | **238,551** | **230,027** |
| Долгорочни пласмани | 228 | 227 |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна актива** | **707,468** | **576,001** |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5,294 | 5,576 |
| Краткорочни обврски по резерви | 167,298 | 187,343 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 158 | 135 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 13,889 | 13,595 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 11,764 | 11,631 |
| Пасивни временски разграничувања | 264,081 | 121,041 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 49 | 49 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **462,533** | **339,370** |
| Извори на капитални средства | 243,536 | 235,232 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **243,536** | **235,232** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна пасива** | **707,468** | **576,001** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010година** | **234,785** | **447** | **235,232** |
| **Зголемување по основ на:** | **26,797** | **2,736** | **29,533** |
| Набавки на опрема и материјали | 26,797 | 2,736 | **29,533** |
| **Намалување по основ на:** | **(18,273)** | **(2,956)** | **(21,229)** |
| Расходување и кусок на опрема иситен инвентар | (256) | (224) | **(480)** |
| Материјали дадени во употреба | | (2,732) | **(2,732)** |
| Амортизација | (18,017) | - | **(18,017)** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **279,855** | **6,139** | **243,536** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**
-Централна служба-
ул. Васил Ѓоргов бр. 43, 1000 Скопје, Р.Македонија; тел. ++389 (0) 2 3111-850; факс ++389 (0) 2 3111-856
www.avrm.gov.mk; e-mail: info@avrm.gov.mk

Наш знак: 05-43/1
10.02.2012 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 15.02.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 26-56/5 | | | |

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул.Македонија 12/3
Скопје

Предмет: Доставување на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за вработување на Република Македонија за за 2010 година

*Почитувани,*

Во врска со Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеноста на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2010 година доставен со допис бр.26-56/2 од 12.01.2012 година Ви ги доставуваме следниве забелешки - појаснувања:

Во врска со Препораката од **Точка 1.Интерни контроли** од Менаџерскиот извештај напоменуваме дека Агенцијата за вработување на Република Македонија **веќе презеде мерки** за отстранување на утврдената неправилност при приемот на поштата, како и за целосно почитување на одредбите од Уредбата за канцелариско и архивско работење.

ДОКАЗ: - фотокопие од Укажување бр.03-136/1 од 06.02.2012год.и
- фотокопие од Укажување бр.03-136/2 од 06.02.2012год.

**Точка 4.1.4.** во однос на непостоење на резервна копија од базите на податоци на доволно оддалечена локација, доколку се обезбедат услови за тоа, ќе се развие решение за бекап според пропишани ИТ стандарди.

**Точка 4.2.2.** која се однесува на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд Ве известуваме дека:

Во текот на 2010 година одлучувано е по барања поднесени претежно од 2009 година (80%) и мал број на барања од 2008 и 2010 година.

Исто така Управниот одбор одлучува и по барања кои второстепениот орган или Управниот суд ги враќа истите на повторно рагледување и одлучување и тоа: 1(едно) барање до 2004 година, 1(едно) барање од 2006 година и 3(три) барања од 2007 година.

Додека пак, во однос на **препораката** за непостоење записи во базата на податоци за извршени контроли за доделени средства од Посебниот фонд, Секторот за информатика во текот на 2012 година има во план да го надгради софтверот во оваа насока.

Во врска со **точка 4.3.1** во Нацрт извештајот се наведува дека податоците се добиени меѓудругото и врз основа на добиената документација за материјални средства, па во тој дел напоменуваме дека имотните или поседовни листови кои биле презентирани на државниот ревизор, а со кои тогаш располагаше Агенцијата за вработување на Република Македонија, беа во поголем дел од постар датум, па така во меѓувреме се прибавени имотни листови со нов датум согласно кои има извесни промени.

Во таа смисла, наводите за констатираната состојба за бројот на необезбедени имотни/поседовни листови, необезбедени уписи во катастарот на недвижности се помали од констатираните во Нацрт Извештајот.

Впрочем, од новоприбраните имотни листови се констатира дека необезбеден упис во катастарот за недвижности имаат следните Центри за вработување: Битола, за еден дел од објектите; Гостивар, за еден дел од објектот; Прилеп, Радовиш, за еден дел од објектите, Струга, Скопје и Струмица.

Во насока на разрешување на состојбата на горенаведените како и останатите неевидентирани објекти кои имаат статус на бесправно изградени објекти, се и веќе иницираните постапки со поднесените 17 барања до општините за утврдување на правниот статус на бесправните објекти, потенцирани и во нацрт извештајот. Водењето и извршувањето на овие постапки се планира да се спроведе во тековната година што и е предвидено и како Програмска активност на Одделението за имотно правни прашања како и планирани се средства за водење на овие постапки, така што во најскор период во соодветната постапка ќе бидат прибавени услуги за изработка на геодетски елаборати односно друга потребна документација.

Исто така, во план е што поскоро Агенцијата за вработување на Република Македонија преку стручната служба да започне постапки за јавно излагање на објектите за кои е потребно да се водат истите. Притоа напоменуваме дека и за објектите за кои ќе треба да се водат постапка за јавно излагање дека Агенцијата за вработување на Република Македонија воглавном располага со потребната документација за докажување на правниот основ на сопственоста, додека пак, дополнително ќе бидат потребни средства за да се обезбедат геодетски елаборати за истите.

Но и покрај горенаведеното, како и во дадената препорака во нацрт извештајот, евидентно е дека е непходно регулирање на имотниот статус на дел на градежните објекти со кои располага Агенцијата за вработување на Република Македонија за што во наредниот период од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе бидат превземени соодветни дејствија.

Воедно, истото се однесува и на **точка 4.3.2** - позицијата природни богатства, земјиштето со кои располага Агенцијата за вработување на Република Македонија, така што констатираната состојба од новоприбавените имотни листови е дека всушност за помал дел од земјиштето не е извршено излагање, но сепак за дел од тој

имот е потребно да се водат постапки за јавно излагање, така што е во план наскоро да се превземат мерки за излагање и на земјиштето, а потоа и да се пристапи и кон вреднување и евидентирање на истото.

**Точка 4.3.6.** каде е наведено дека побарувањата за неплатен придонес за вработување заклучно со 31.12.2008 година не се искажани во сметководствената евиденција и во финасискиот извештај забелешката е следна:

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Р.М бр.50/2001), членот 96 се менува и почнувајќи од 1 јули 2001 година **"Наплатата на придонесот за вработување од работодавецот ја врши Министерството за финансии – Управа за јавни приходи".**

**"Уплатата на придонесот за вработување на сметка на Агенцијата за вработување на Република Македонија, ја врши Министерството за финансии – Управа за јавни приходи , со пренесување на средствата на жиро сметка на Агенцијата.**

Суштината на оваа измена беше да Управата за јавни приходи при вршење на контролата од својата надлежност да ја врши и контролата, утврдувањето , наплатата и прислината наплата на придонесот за вработување, од причина што во Агенцијата за вработување , немаше ниту едно лице ангажирано (ниту тоа беше предвидено со Правилникот за систематизација на работните места)во контрола, утврдувањето и наплатата на придонесот за вработување.

*Ви благодариме на соработката.*
*Со почит,*

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Д и р е к т о р
Влатко Поповски

Изработил:Ирена Т – Бојчевска
Одобрил:Бари Азири

**Прилог број 2**

# ОДГОВОР

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 15.02.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за вработување на Република Македонија од страна на законскиот застапник, директорот Влатко Поповски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 26–56/5.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатациите од **точката 4.1.4.** која се однесува на непостоење на резервна надворешна копија на податоците кои произлегуваат од работењето, според содржината **претставува потврдување** на констатираната состојба, со укажување дека доколку се обезбедат услови за тоа, ќе се обезбеди резервна надворешна копија според ИТ стандардите.

2. Забелешката на констатациите од **точката 4.2.2.** која се однесува на посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица и формирањето на Посебниот фонд, со издвојување на 10% од вкупно остварените средства од наплатениот придонес за вработување, според содржината **претставува дообјаснување** на констатираната состојба, со укажување дека Агенцијата ќе постапи по препораката, при што Секторот за информатика во текот на 2012 година има во план да го надгради софтверот за потребите кои се наведените во Нацрт извештајот.

3. Забелешката на констатациите од **точката 4.3.1.** која се однесува на состојбата на неевидентирани или евидентирани градежни објекти за кои не постои веродостоен документ, нерасчистените имотно правни односи, како и неизвршеното излагање на објектите и упис во катастар за недвижности, според содржината **претставува дообјаснување** на констатираната состојба, со укажување на планираните активности на Агенцијата во наредниот период во надминување на констатираната состојба.

4. Забелешката на констатациите од **точката 4.3.2.** која се однесува на нереалното и необјективно прикажување на состојбата на земјиштето, според содржината **претставува дообјаснување** на констатираната состојба, со укажување на планираните активности на Агенцијата во наредниот период во надминување на констатираната состојба.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ______________________

____________________

____________________

5. Забелешката на констатациите од **точката 4.3.6.** која се однесува на фактот дека Агенцијата нема воспоставено сметководствена евиденција за ненаплатените побарувања по основ на придонесот за вработување заклучно со 31.12.2008 година, **не се прифаќа**, од причина што во Нацрт извештајот акцентот на констатацијата е даден на невоспоставената сметководствена евиденција за неплатениот придонес за вработување заклучно со 31.12.2008 година, како и за нецелосно искористената можност што ја дава членот 97 од истиот закон, според кој Агенцијата има право да врши увид кај субјектите во врска со остварувањето на правата и обврските на лицата и на користење на средствата, како и да врши увид во евиденцијата за пресметувањето и наплатувањето на придонесот на вработување. Дотолку повеќе што со член 32 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, Агенцијата има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси, како и да ги реализира започнатите постапки до јануари 2009 година.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

_____________________ _________________________

_____________________

_____________________